| Неделна Тема | Боите на есента |
|---|---|
| **Содржина на денот** | „Дојде есен“- обработка на стихотворба |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за тоа како можеме да го зачуваме нашето здравје во овој период на годината (редовно да ги миеме рацете, да јадеме здрава храна зошто е полна со витамини, да носиме топла облека и сл.)- Слика 1, 2, 3 |
| **Активности** | 1. „Дојде есен“- обработка на стихотворба<br><br>Активностите ги започнуваме со разговор по слика за карактеристиките и промените во природата во годишното време есен. (сл.4) Времето е студено, врне дожд, дува ветар, лисјата од дрвјата пожолтуваат и паѓаат. Потоа со помош на слики ќе ја обработуваме стихотворбата „Дојде есен“. ( сл.5, сл.6, сл.7, сл.8, сл.9)<br>Дојде есен!!!<br>Есента ни дојде во илјада бои,<br>нова облека за дрвјата скрои.<br>Шумата е како ќилимче златно,<br>само небото нешто станало матно.<br><br>Жолти лисја во празни гнезда стојат,<br>во ситна роса утрата се мијат.<br>Насекаде плодови зрели-<br>Прекрасно е нели....<br><br>Побрзајте деца, каснете си слатко<br>зошто есента сепак трае многу кратко. |

| | |
|---|---|
| | Значи ќе ја прочитаме новата стихотворба повеќе пати, ќе ги објасниме непознатите зборови и ќе ја заучиме постапно- стих по стих, строфа по строфа. На крајот се рецитира целата стихотворба.<br>Активностите може да ги продолжиме со игри на отворен простор.<br>-„Лисјата паѓаат“<br>Опис на играта сл.10  Детето е „лист“, а возрасниот е „ветер“. Ветерот дува, лисјата летаат, се бркаат и играат, а на даден знак со удар во музички инструмент дајре „лисјата“ паѓаат на земја сл.11. Додека трае играта на децата им се пее песна или пак се слуша мелодија во позадина.<br>Пред да започне играта воспитувачот им раскажува  на децата:<br>„Во горе сме. Есен е. Ветерот дува и си игра со есенските лисја што паднале на земјата. Лисјата летаат, се вртат, играат и наеднаш паѓаат на земја“. |